РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИ...
ДСУ СПОРТСКА АКАДЕМИ...
Бр. 08-1787/1
02.09 2016 год.
СКОПЈЕ

Спортска Академија
Државно средно училиште

**Кодекс на однесување на вработените, учениците и родителите**

**во ДСУ Спортска академија**

**Кодексот на однесување** претставува инструмент за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес во училиштето.

**Наставниците имаат обврска**

- достојно да го чуваат угледот на училиштето, во и надвор од него, истакнувајќи се со свои човечки, стручни и воспитно-образовни и резултати;
- да бидат на своите работни места 10-15 минути пред започнување на наставата
- педагошки и професионално да се однесуваат за време на часовите;
- да ја водат редовно и уредно педагошката евиденција и документација и одговорно да ја чуваат;
- да ја почитуваат личноста на секој ученик, наставник и друг вработен во училиштето;
- да градат односи на меѓусебно разбирање, соработка, почитување и дисциплина со учениците и другите вработени;
- оние ученици кои покажале недисциплинираност на часот да ги испратат кај стручната служба;
- редовно и навремено да ги повикуваат и известуваат родителите за постигнувањата, однесувањето и проблемите на нивните деца и редовно да ги повикуваат на родителски средби.

**Учениците имаат обврска**

- да го почитуваат куќниот ред на училиштето;
- да ги носат на час сите книги и наставни помагала;
- да ги исклучат и остават на определено место своите телефони и други електронски уреди;
- да служат за пример со својот изглед и однесување, со што ќе формираат културни и естетски навики;
- да имаат одговорен однос кон ентериерот, инвентарот, другите материјални добра и условите во кои работи училиштето, како и кон уредувањето и облагородувањето на училишниот простор и околината;
- да ги почитуваат сите наставници и вработени во училиштето;
- навреме и редовно да доаѓаат на секој наставен час,секогаш да бидат подготвени за работа;

- да овозможува формирање на позитивна работна атмосфера со активно ангажирање на часот;
- навремено да доставуваат потврди за нивни идни отсуства од настава, како и медицински белешки за отсуствата поради боледување или повреди.

**Родителите имаат обврска**

- да го почитуваат куќниот ред на училиштето;
- редовно да се информираат за постигнатиот успех и поведение на своето дете;
- задолжително да присуствуваат на родителските средби и отворениот ден за соработка со родителите во училиштето;
- редовно да го известуваат раководителот на паралелката за секое отсуство на своето дете од наставата.

Директор,

Дејан Јовановски